Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) за потребите на проектот ,,Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан" финански поддржан од Европската Унија, број на договор 2023/452-483 објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За ангажирање на експерт за *Изработка на документ за јавни политики за справување со шумски и други пожари во Република Северна Македонија – правна, стратешка и институционална рамка за потребите на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан"*

1. **Позадина**

Во последните години, Република Северна Македонија се соочува со се поголем број на шумски и други пожари, кои предизвикуваат значителни економски, еколошки и социјални последици. Особено загрижува трендот на зголемување на површината на изгорените шуми и растителност, што ја намалува биодиверзитетот, влијае на квалитетот на воздухот и го зголемува ризикот од ерозија на почвата. Финансиските последици за државниот буџет, вклучувајќи трошоци за интервенции, отштети на инфраструктурата и поддршка на заедниците погодени од пожарите, се значајни и се зголемуваат со секоја следна сезона.

Постои и недостаток на интегриран систем за превенција, рано предупредување и ефикасно справување со пожари, како и недоволна координација меѓу релевантните институции на централно и локално ниво. Во комбинација со климатските промени, продолжените сушни периоди и зголемената човечка активност во шумските подрачја, ризикот од пожари станува сѐ поголем, што ја прави итна потребата од унапредување на правната, стратешката и институционалната рамка за справување со овој феномен.

2. **Број на експерти**

За *изработка на документ за јавни политики за справување со шумски и други пожари во Република Северна Македонија – правна, стратешка и институционална рамка* за потребите на проектот ,,Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан" Центарот за правни истражувања и анализи ќе ангажира еден експерт.

## 3. Специфични задачи на експертот

Експеротот ќе ги спроведе следниве специфични задачи:

- Анализа на актуелната правна рамка и институционалните механизми за превенција и справување со шумски и други пожари;
- Компаративни искуства во справувањето со шумски пожари во Западен Балкан и пошироко;
- Развој на стратешки препораки и политики за подобрување на координацијата и ефикасноста на надлежните институции;
- Идентификација на институционални и регулаторни препреки и можности за унапредување на системот за справување со пожари;
- Анализа на финансиските последици по државниот буџет во изминативе неколку години предизвикани од шумски и други пожари
- Сумирање на заклучоци и препораки;

## 4. Главна цел

Експертот кој ќе биде избран ќе подготви документ за јавни политики кој ќе ги покрие сите горе наведени области и ќе сумира свои заклучоци и препораки.

## 5. Известување

Експертот ќе поднесе завршен извештај до Проектниот менаџер.

## 6. Квалификации и искуство

Експертот потребно е да ги има следниве квалификации и искуство:

- Најмалку 7 години релевантно професионално искуство во областа на животната средина, јавни политики, управување со ризици или поврзани сектори;
- Претходно искуство во изработка на анализи, стратешки документи, политики, препораки и извештаи за јавни институции или проекти;
- Познавање на меѓународните стандарди и регулативи за животната средина; за предност се смета длабоко познавање на Европското законодавство (регулативи, директиви, интегрирана еколошка политика, ЕУ директиви за оцена на влијанието врз животната средина и стратегиска оцена на животната средина);
- Претходно искуство/соработка со надлежни институции и од областа на животната средина (Министерство за животна средина и просторно планирање, Инспекторат за животна средина, Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување...)
- Компаративно искуство и познавање на практики од регионот на Западен Балкан и пошироко, особено во справување со шумски пожари и управување со ризици од екстремни климатски настани;’’

- Компјутерска писменост и компетентност, Microsoft Word, Excel, Access, PowerPoint;
- Докажана способност за работа и интеракција со луѓе од различно, професионално, социјално и културно потекло;
- Одлични вештини за анализа и пишување

## 7. Останати барања:

- Одлични вештини за планирање, организирање и пишување;
- Одлични комуникациски вештини;
- Сигурна и одговорна личност со капацитет за работа под професионални услови.

## 8. Очекувани резултати од ангажманот

Експертот се очекува да ги постигне следниве клучни резултати (списокот не е исцрпен):

| Времетраење (денови) | Тип на активност | Клучни резултати |
|---|---|---|
| До 7.5 работни дена од октомври до ноември 2025 година за подготовка на документот. | Изработка на документ за јавна политика за превенција и справување со шумски и други пожари во Република Северна Македонија – правна, стратешка и институционална рамка | Документ кој ќе ја претстави моменталната ситуација во областа на шумските и други пожари во РСМ, идентификува постојните предизвици и институционални капацитети, и ќе понуди стратешки препораки и заклучоци за потребни реформи и унапредување на системот за справување со пожари. |

## 9. Услови за извршување

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за услуги. Експертот ќе има обврска да достави извештај за изработените работни задачи и листи на сработени работни денови (Timesheet) на англиски јазик најдоцна до 10.11.2025 година. Извештаите ќе се доставуваат до Проектниот менаџер на е-пошта: nikola.jovanovski@cpia.mk

По известувањето за договорот, експертот ќе ги разгледа условите за неговата работа и ќе ги пријави сите точки кои бараат дополнителни информации или појаснување. Тој/таа ќе контактира со проектниот менаџер за да ги добие сите потребни информации, упатства и насоки што го регулираат спроведувањето на задачата.

## 10. Времетраење и сума

Работниот ангажман за изработка на документ за јавна политика ќе биде спроведен во седум и пол (7.5) работни дена во периодот до 10.11.2025 година. За секој работен ден предвиден е надоместок од 150 евра во бруто износ кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност, според курсот на Проектот.

## 11. Начин на аплицирање и рок

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите наведени во точките 6 и 7 од овој повик потребно е да достават детална биографија во која ќе бидат наведени референци со кои се потврдува исполнувањето на бараните услови.

Биографијата треба да се достави во електронска верзија на е-пошта: contact@cpia.mk со назнака ,,Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан” — Документ за јавни политики. Рокот за аплицирање е до 10.10.2025 година до 16:30h.

Пристигнатите биографии ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од Извршниот одбор на ЦПИА. Критериуми кои ќе бидат земени при предвид при одлучувањето се: целосно исполнување на условите од точка 6 и 7 на овој повик и доставувањето на рефенреци со кои се потврдува исполнувањеso на овие услови.

Контакт лице за овој повик е Никола Јовановски, е-пошта: nikola.jovanovski@cpia.mk